# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР

## ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2023

Сабота, 7 јануари 2023

## ТРПЕНИЕ

Личноста која за прв пат се сретнува со големината на Евангелието, обично е полна со полет, надеж и сила. Кога човекот ќе дозволи Христовата наука да го препороди, кога ќе отпочне нов живот, се чини дека на патот не може да има пречки. Таквиот човек гледа nа овој свет како на место на кое нема уште долго да се задржи, како на место чијашто суштина ја сфатил и која што му омрзнала. Сите маски на светот паднале, сите привиденија исчезнале, сите илузии згаснале. Таквиот човек чекори одважно кон подобар свет, каде што правдата живее.

Духовно препородениот човек добива и дар, дар од Бога, дарови од духовна природа. На прв поглед се чини како сите тие дарови да се тука за да ни помогнат својот поглед уште повеќе да го насочиме горе, за уште повеќе да ги заборавиме пречките и жалостите на овој живот. Меѓутоа, годините минуваат. Текот на времето се чини е единственото нешто кое не се променило. А воодушевувањето, надежта, храброста, првата љубов, сето тоа изгледа нагризено од забот на времето, а можеби веќе е и довршено. Многу обратени луѓе по долги години минати со возвишена надеж, почнуваат да потзастануваат. Почнуваат да се прашуваат каде е ветувањето за неговото доаѓање. Доаѓаат една по друга зима, една по друга Нова година, една по друга Вечер на благодарност. Секоја година, секоја сабота, зборуваме дека сме поблиску до славниот ден. И, или веќе сме уморни или, пак, престануваме да зборуваме за тоа, помалку засрамени од одолговлекувањето.

Но, тука не е крајот на нашето трпение; тоа време на исчекување не е послано со цвеќиња. Многумина од нас доживеале лични трагедии – болест, војна, разделба, смрт на некој близок, немаштија... И тогаш доаѓа прашањето – каде е Бог, каде е Спасителот. Зарем не го слуша повикот на своите верници, зарем не ја слуша нивната мака? Дали сета таа надеж и радост и восхит доживеани на почетокот на патот е само една груба лага, за да сфатиме колку сме безвредни.

НЕ. Бог е многу, многу сериозен и грижлив Татко. Тој внимава на својот народ. Кога зборуваме за даровите на Духот, зборуваме за она најубавото, највозвишеното, за љубовта, за надежта, за радоста. Со оглед на тоа дека живееме на еден грешен свет, Бог ни дал уште еден дар. Дарот трпение. Понекогаш не го цениме тој дар, го одбегнуваме, го заобиколуваме, но кога ќе сватиме дека тоа е еден од најмилостивите дарови на Отецот. Трпение. Способност за чекање. Способност, и покрај одолговлекувањето, да останеме на вистинскиот пат. Способност да ги поднесеме неволјите на животот.

Сметам дека на нас кои живееме во 21 век, трпението ни е имагинарен поим. Затоа ќе ви раскажам настан кој го прочитав во еден многу стар весник. Главните актери се маж и жена. За нивниот брак можело да се рече дека е среќен. Биле искрени христијани живееле според светлината што им била дадена. Живееле релативно мирно и едноставно. Тогаш се случила несреќа. Жената душевно се разболела. Знаете, тоа е најтешко. Било која друга болест ја остава личноста онаква каква што ја знаете. Душевната болест сето тоа го разорува. Меѓутоа, нејзиниот маж не ја оставил. Се обидувал да најде лек одејќи кај разни лекари. Ништо, никакво подобрување, никаква реакција на терапијата. Тогаш еден психијатар го посоветувал да ја однесе во местото каде што пораснала. Мажот послушал. За жал, ни таму ништо не се случило. Кога се вратил дома со својата жена, таа заспала и спиела цел ден и половина. Кога се разбудила, сопругот на нејзиното лице ја здогледал познатата насмевка. Онаа насмевка во која се вљубил, онаа насмевка заради која се оженил со таа жена. Таа го прашала што се случува, каде била. Тој само и одговорил: Важно сега се врати.

Искуството на овој маж најубаво ни ја објаснува тајната на трпението. Нештата знаат да тргнат наопаку. Трпението останува. Сè во вас вели, откажи се, зарам вреди да се бориш - трпението дава сила за да продолжиш понатаму. Се чувствуваш предаден и оставен – трпението те поставува на цврста потпора. Се чувствуваш уништен и потиштен – трпението те подсетува дека Бог е таму горе и дека е вистински вклучен во твојот живот. Трпението ти овозможува да кажеш заедно со апостол Павле:„ Зашто сум уверен дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни силите, ни

сегашноста, ни иднината, ни висината, ни длабочината ни некое друго создание може да нè оддели од љубовта Божја, која е во Исуса Христа нашиот Господ"(Римјаните 8, 38.39.).

*Сабота, 14 јануари 2023*

## МИЛОСТ

Првото прашање кое себеси си го поставувам е, дали човек во ваква состојба на грев, горделивост, осветољубивост, омраза, воопшто може да ја спознае милоста. Што е милоста воопшто? Состојба на свеста, начин на живеење, пуста желба? Милиони луѓе на овој свет живеат од милоста или немилоста на своите родители, сопрузи, работодавци, затворски чувари, сопственици на фабрики или на своите соседи. Некој ќе рече дека претерувам, па не сме сите толку зависни од другите луѓе.

Но, дали милоста подразбира само поштедување на нечиј живот, какво што може да се сретне во навистина типичните високо буџетни филмови или... Можеби убав збор упатен до тажното срце, или топол оброк даден на гладната уста, или топла облека дадена на голото тело, или преноќиште понудено на уморните очи. Или кога Јосиф како прв човек после фараонот кога стои пред своите браќа, или Давид со мачот во раката покрај поспаниот Саул, или царот Асвир пред царицата Естира, или Господ пред Мојсеја кој моли за народот (2. Мојсеева 33, 12-17). Во Библијата, на повеќе од 400 места, се споменува милоста или милосрдието во разни облици. Секое место укажува на Бога како на милостив, обилен со милосрдие, бавен на гнев... Всушност, целата Библија укажува дека имаме таков Бог. Секој збор, од првиот до последниот.

Милоста е директна, полна со љубов, Божји дар на човекот. Да, таа е состојба на свеста и начин на живеење, но никако пуста желба. Милост е нашиот секојдневен живот со Господа, секогаш, во секој миг. Бог е дарител. Бог е тој кој ни дарува милост. Да ја прифатиме и да живееме во неговата милост.

*Сабота, 21 јануари 2023*

## НАЈСЛАТКО НЕБО НА ЗЕМЈАТА

„Домот треба да биде мало небо на земјата... Најубавата претслика на небото е домот каде што престојува Господовиот дух“ (Ellen G. White, The Adventist Home, p. 15).

**Топлина. Сигурност. Удобност.** Ова се зборовите коишто ни доаѓаат на ум кога размислуваме за зборот дом. Ако отворите некој речник ќе видите дека таму зборот дом е дефиниран како престојувалиште. Оваа дефиниција не е и најдобрата дефиниција. Место за живеење, престојувалиште! Звучи прилично ладно и стерилно, безлично, општо. Попрво како зборот куќа, збор кој многу повеќе одговара на своето значење: куќа или зграда во која живеат луѓе.

За многумина од нас, зборот дом предизвикува мила слика во чијашто рамка се наоѓаат нашите родители, браќата, сестрите, децата и внучињата. Тој збор ни донесува во свеста празнични ручеци, топли разговори, удобни кревети, и многу прегратки и бакнежи. За домот нè врзуваат сите прослави поврзани со раѓањето, но и тешки моменти кои ги донесува смртта, како и сето она што се наоѓа помеѓу овие две работи. И љубовта. Секако, секогаш љубов. Таа е корен на сите добри работи. Таа храни и зајакнува. Сигурно е дека љубовта е таа што прави куќата да биде дом.

Можеби би можеле да дадеме друга дефиниција за дом: „место во кое љубовта е центар на едно домаќинство„. Можеби исто така би можеле да кажеме дека домот е место каде што се обликува карактерот, каде што се формира довербата и се всадува љубовта кон Бога. Еве како некој го опишал домот: „црква во црква, ре-публика во република, свет во свет“,... збор составен од три букви – дом! Ако тука работите се одвиваат добро, тогаш секаде ќе биде добро; ако тука работите тргнат наопаку, тогаш секаде ќе биде наопаку. Домот, местото каде што живееме, е темелот на црквата и на државата... Со други зборови, животот во домаќинството го обликува и го гради секој друг облик на живот... Првата и последна работа е постојано да го имаме Христа во домот.

Сон на секој човек е да има совршен дом и семејство, зар не? Сигурен сум, дека секој од нас, тоа го сака. Но, бидејќи живееме во

несовршен свет, би сакал да додадам уште една дефиниција: „Домот е место каде што животен тек, љубов и грешки се случуваат.„

Точно е дека повеќето од нас не израснале во совршен дом, и чувствуваме дека ниту сме имале ниту имаме талент и способност за да создадеме совршен дом.

Оние кои имаат мали деца се надеваат и се молат нивниот дом да биде она што навистина треба да биде; а на некои пак со раѓањето на последното дете како да ја изгубиле надежта и молитвата дека тоа било сè што требало да биде. Но, идеалните ситуации се нешто што се случува само во бајките, зар не? Сигурно дека постојат и затоа не значи дека тоа не можеме да го почувствуваме тука, сето она што домот на земјата го содржи во себе. Тоа е воз-можно. Бог ветил дека ќе ни помогне. Ветил дека ќе се вмеша. Тој секоја соба ќе ја уреди и исполни со сожалување, со сочувствување и љубов. Тој е стилист кој останува одзади како потпис на слаткиот мирис на Светиот Дух.

Соломон, најмудриот човек кој некогаш живеел на земјата, вели вака: „Подобар е оброк со зеленчук каде е љубовта, отколку згоен вол каде е омразата.„ (Мудри изреки 15,17.) А Елена Вајт пишува: „Бог сака домот да биде најсреќното место на земјата, вистинска претслика на небесниот дом.“

Дали нашето гнездо е полно, полупразно или пак празно; дали имаме среќни и здрави спомени или носиме тажни и болни слики од нашето минато, тоа воопшто не е важно. Секогаш постои сега, денес, секој можен момент, место каде што ќе продолжиме да градиме. Каде што можеме да тежнееме да создаваме. Каде што можеме да искусиме мал дел од небото овде на земјата, додека гледаме кон нашиот небесен дом, кон домот каде што вечно ќе живееме и каде што љубовта ќе владеее. Тоа е дом чијшто градител е Бог. Само со него домот е најслаткото место на земјата, и некогаш во вечноста.

*Сабота, 28 јануари 2023*

**МИР**

На почетокот од секоја порака која апостол Павле ја испраќал до Ефес, Галатија, Коринт, Филип, Солун, или кога се обраќал на браќата поединечно, на секој почеток стои: „Благодет на вас и мир од Бога Отецот наш и Господ Исус Христос.“ Именката мир, ако само малку постудиозно ја разгледаме, се наоѓа во Светото Писмо од првата до последната страница. Кога Бог ги давал своите ветувања во Стариот завет на верниците неизоставна била и реченицата: „А ти оди со мир“... „ или ... „И ти ќе отидеш кај своите татковци во мир“... итн.

Мирот во физичка и мирот во духовна смисла одат заедно. Мене особено ми се допаѓа како Давид ги поучил оние десет момчиња како да се обратат до Навала: „Поздравете го од мене и речете му ‚здраво!‘ и „„мир да имаш; мир во твојот дом; и во сè што имаш да е мир‘.“ Најголемата желба нешто што некому можело највеќе да се посака е мир, мир да имаш.

Бог преку Мојсеја му соопштол на Арона да ги благослови синовите Израелови: „Господ да го сврти лицето кон тебе и да ти даде мир!“ Толку посакуваниот, толку бараниот мир, се чини сè потешко бил дофатлив, сè потешко остварлив. Кога Израиловото беззаконие ја преминало секоја мера, Бог одбирал луѓе преку кои својот народ го враќал на вистинскиот пат. Кога Јуј пил помазен за цар, тој со потполна ревност го извршил Божјиот налог:

„Ама царот Јорам се врати во Израел за да ги лечи раните што му ги зададоа Арамејците во бојот против Азаил, арамејскиот цар. И Јуј рече: ‚Ако ви е по волјата, нека никој не избега од градот за да однесе вест во Езраел.‘ Тогаш Јуј се качи во кола и отиде кон Езраел, зашто Јорам боледуваше таму, и Охозиј, јудејскиот цар, дојде да го посети. Стражарот што стоеше на стражарницата во Езраел, гледајќи дека доаѓа Јујовата чета, јави: ‚Гледам некаква чета.‘ Јорам нареди: ‚Земи коњаник и испрати го пред нив да праша: ‚Дали е сè со мир.‘ Коњаникот отиде пред него и рече: ‚Царот вели вака: ‘Дали е сè со мир?’ - Јуј одговори: ‚Што ти е грижа дали е со мир! Ајде по

мене.‘ Стражарот соопшти: ‚Гласникот стигна до нив, но не се враќа...‘ Јорам рече ‚Спрегнувај!‘ И спрегнаа во неговата кола. Јорам, царот на Израел, и јудејскиот цар Охозиј излегоа, секој во својата кола во пресрет на Јуј. Го сретнаа во полето на Езраелецот Навутеј. Кога Јорам го здогледа Јуја, го праша: ‚Дали е сè во мир, Јуј?‘ Овој одговори: ‚Каков мир додека траат блудствата на твојата мајка Језавела...‘“ (2. Царевите 9,15-22).

Нема мир додека се води војна со силите на темнината под небото, војна за секоја мисла, војна за сечие срце. Како што пишува во Филипјаните 4,7: „И Божјиот мир, што го надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Христа Исуса.“

И Исус кога заминувал од земјата им рекол на своите ученици: „Мир вам ви оставам, мирот свој вам ви го давам; не ви го давам како што светот го дава за да не се плашат срцата ваши.“

«Ова ви го кажав за мир во мене да имате. Во светот ќе имате неволји, но не плашете се, зошто јас го надвладеав светот.»

После воскресението во Јован 20,26. пишува: „А по осум дни, Неговите ученици пак беа внатре, и Тома со нив. Додека вратата беше затворена, Исус дојде, застана на средината и им рече: „Мир вам!“

Рецептот за мир се наоѓа уште и во Давидовиот Псалм:

„Голем мир имаат оние кои го љубат твојот закон, и тие не се сопнуваат.“

„Е, да се почитуваат заповедите мои! Мирот твој би бил како река и правдата твоја како морски бранови.“

„Мир имајте и светост со сите: без ова никој нема да го види Господа.“

Мир вам, браќа и сестри.

*Сабота, 4 февруари 2023*

## КАКО ДО УСПЕШНА МОЛИТВА

Многумина од нас на молитвата гледаат како на некоја физичка вежба. Знаеме дека вежбањето е добро за нас. Тоа го ослободува

стресот, ја подобрува циркулацијата, го зајакнува срцето, ја зголемува енергијата и го подобрува физичкиот изглед.

Меѓутоа, наспроти овие вредни и корисни работи, многумина од нас повеќе сакаат да ја принесат вилушката до устата отколку да креваат товар. Вежбањето е здодевно, болно, и многу напорно после мачното седење во нашата прилично голема фотелја во канцеларијата со еркондишн!

Слично на тоа, длабоко во нашиот дух, знаеме дека молитвата е важна – дека го зајакнува нашиот однос со Бога, го ослободува стресот, ја јакне нашата вера и е извор на неограничена духовна сила. Но, наспроти тие корисни работи, многумина од нас гледаат на молитвата како на нешто здодевно, болно и многу напорно.

Како, тогаш, ние да се размрдаме од нашата обесхрабреност и потиштеност, и навистина да почнеме да го доживуваме искуството на блиско дружење со Бога во молитвата?

**Кога ѝ да размислуваш за молитвата, моли се**

Немојте да правите грешка мислејќи дека можете да се молите само во одредено време и на одредено место. Молете се додека сте во автомобилот, на состанок, во кревет кога не можете да спиете, додека ја косите тревата или ги миете чиниите, или додека ги миете забите.

Ако не научите ништо друго, ќе го научите следново: Бидејќи Бог се настанил во вас, Бог е таму каде што се наоѓате и вие! Затоа научете секогаш да разговарате со Него.

Имав навика – и понекогаш тоа сè уште го правам – да паднам во стапицата и да си речам себеси: За тоа ќе се помолам подоцна. Додека ја косам тревата, ќе ромислам за некого за кого чувствувам потреба да се молам. Во мислите ќе ги разгледам деталите за потребите на таа личност и едноставно повторно слушам како планирам да речам - подоцна, во текот „на моето време за молитва“. Тогаш ќе се фатам себеси и ќе се насмевнам кога ќе видам колку е неразумно да се молам подоцна за она за што размислувам (а, всушност, треба да се молам) сега!

Ако понекогаш се фатите себеси како се штрецнувате затоа што сте заборавиле да се молите за луѓето на кои сте им ветиле дека ќе

се молите, научете да се молите тогаш кога Бог го става тој товар во вашите мисли – кога размислувате за тоа. Молете се едни за други секогаш кога ќе помислите дека треба да се молите. Молете се веднаш!

*Сабо*т*а, 11 февруари 2023*

## МОЛЕТЕ СЕ ЗА РАЗЛИЧНИ ПОТРЕБИ

Не молете се секогаш за исти потреби, и не обидувајте се сè да покриете со една молитва. Менувајте ја својата конверзација. Денес молете се за шефот кој ве налутил, а молитвата за мисионери-те оставете ја за утре. Молете се со различни молитви. Обидете се вашите молитви да бидат молитви на благодарност, без никакви барања. Не изнесувајте никакви барања; оставете ја настрана „шопинг листата" и поминете го времето  славејќи го Бога заради тоа што Тој е вселен во вашиот живот. Или пак пејте му своја молитва на Бога. Павле нè советува: „Христовото слово да живее изобилно во вас; во секоја мудрост учете се и опоменувајте се еден друг со псалми, химни, духовни песни, пеејќи Му на Господа со благодат во вашите срца". Моето семејство и јас понекогаш се молиме пеејќи ги омилените химни на благодарност како што се Твоја е слава и славопјој Твој,  или О колку Те сакам. Додека ги пееме молитвените песни, понекогаш го доживувам Божјото присуство многу подлабоко отколку во моите „вообичаени" молитви.

**Молете се без зборови**

Не морате секогаш да имате нешто да кажете за да бидете со Бога. Знам дека тоа може да изгледа чудно, но понекогаш е сосе-ма во ред: „Знајте и запомнете дека јас сум Бог". Едно утро, не толку одамна, бев длабоко поттикнат на средба со Бога без да прозборам ниту еден збор. Беше тоа едно од ретките времиња кога кај мене дома и во мојот дух беше тивко. Не можев за ништо да размислувам, ниту да читам, ниту пак да речам било што. Седев во тишина и му дозволив на моето срце да биде отворена книга пред Бога.

Тоа искуство за време на претпладнето го запишав во едно списание: „Тишината на утрото годи – како топла покривка во студена ноќ. Се чини бев неспособен – или пак не сакав – да размислувам за текстот кој требаше да го читам од Библијата. Не брзав да прочитам ама баш ништо. За сега доволна е тишината. Моите мисли и мојот мир беа доволна молитва за ова утро. „Запомни (престани да се напрегнуваш) и знај дека Јас Сум со тебе, твојот Бог.“ Тогаш реков. „Ова е еден од од оние ретки моменти кога сум задоволен што седам смирен со желба да те запознаам Тебе, Боже, да се поврзам со мојот Цар. Ти благодарам што си со мене ова утро.“

Научете да „паметите и да знаете“. Тишината може да биде длабока. И не се чувствувајте како да сте промашиле ако одвреме- навреме останете без збор кога се молите. Сетете се, постои време кога „не знаеме за што би се молеле, туку самиот Дух се моли за нас со неискажани воздишки. А оној што го испитува срцето знае која е мислата на Духот, затоа што е по Божја волја и се моли за светите.“

Елена Вајт напишала: „Кога ќе стивне секој друг глас, тишината го прави јасен Божјиот глас“.

*Сабота, 18 февруари 2023*

## МОЛИТВА НА ХАРТИЈА

Запишувањето на молитвите претставува едноставно пишување на вашите молитви во облик на писмо до Бога. Тоа воедно е и една од најдобрите методи кои јас ги знам за да се вратат мислите кои почнале да талкаат. Кога му ги пишувам на Бога своите мисли, гледам дека тие се сосредоточени на тоа што го пишувам. Моите очи се отворени, и во мојата рака е нешто што ме држи буден. И често слушам како Бог ми одговара додека го пишувам писмото. Бог ме упатува токму на она прашање за кое јас штотуку пишувам – не гласно туку во мојот ум, преку Светото писмо, потсетување на околностите, преку песни.

Немојте да се грижите премногу за граматиката или интерпункцијата. Вашето писмо е само за Божјите очи . Тоа не е за печатење

во списанието Поглед! Купете едноставен нотес, напишете ги датумот на почетокот на страницата, и почнете да се искажувате себеси  на хартијата.

Пишувањето е моќен начин за комуникација со Бога – и, како бонус, вие ќе имате постојан извештај за вашето духовно патување со Бога. После многу години ќе погледнете во своите записи и ќе видите како Бог ве водел низ времето и во борбите што сте ги доживувале; а тоа ќе ви даде сила да се соочите со предизвиците на утрешнината.

**Молете се за вашиот брачен другар**

Немојте да се молите на општ, нејасен начин, туку со определени изрази, фаќајки се за посебните ветувања од Библијата, прилагодени на поединечните потреби на вашиот брачен другар. Јас уживам да го правам тоа за мојата сопруга. Понекогаш ѝ  оставам писменце кое содржи стих во кој барам нешто за неа. Таа сочувала една од тие пораки и ја чува секогаш на огледалото во бањата, каде што може секој ден да ја види. Еве како гласи таа:

За тебе денес: „‚Да ти омилее законот Господов, и за Неговиот закон размислувај дење и ноќе! Тој е како дрво засадено покрај поток, што донесува плод во свое време; неговите лисја никогаш не венеат: сè што прави во сè успева‘ (Псалм 1,2.3) Те сакам.“

Барајте во Светото писмото посебни стихови кои одговараат на ситуацијата во која се наоѓа вашиот брачен другар и во вашата молитва повторете ги тие зборови пред Бога, ставајќи го на определено место името на својата сопруга или сопруг.

На истиот начин можете да се молите и за своите деца.

Што се однесува до ние кои се сами, немањето брачен другар и деца не значи дека нема други личности кои ве сакаат и на кои им се потребни вашите молитви. Барајте исполнување на ветувањата во полза на вашиот најдобар пријател, соработник, член на семејството, или за проповедникот, и таа личност нека знае дека се молите за неа. Секој однос ќе биде зајакнат со тој молитвен дел на љубов.

Значи сега имате пет предлози за да внесете нова страст во вашето лично молитвено патување со Бога. Не е тоа голем спи-сок,но тој се проширува. Можете да експериментирате и со многу други

облици на креативни молитви кои овде не се споменати. Прекрасно. Испробајте ги. Што и да правите, сепак, молете се.

Не е доволно само да читате за молитвите и да се согласувате дека е важно да се молите. Молете се.

Бидете вистински. Бидете доследни. Бидете креативни. Но, пред сè, молете се.

Бидете сигурни, Бог ги слуша вашите молитви!

*Сабота, 25 февруари 2023*

## КАКО ДА СЕ МОЛИТЕ ЗА И СО ДЕЦАТА

Неодамна една од локалните христијански радио станици, KTCS, имала ден на молитва и благодарност. Дванаесет часа телефонската линија била отворена, така што слушателите можеле да се јавуваат и да го хвалат Бога затоа што одговорил на нивните молитви и да ги изнесат своите барања за да се молат за нив. Во еден дел од денот, слушателите биле повикани да се јават и да номинираат некого за неговата вера, поточно некој кој ја покажува верата со својот начин на живот. Се јавило едно дете и ја номинирало својата мајка. Кога спикерот го прашал детето зошто неговата мајка би требала да биде номинирана, тоа одговорило: „Затоа што мајка ми се моли за мене секој ден."

Колку сакам оваа пофалница да биде пофалница на секое дете! По цена дека ќе ги повредам луѓето од мојата генерација, морам да кажам дека ние како целина завршивме лоша родителска работа. Знам дека ова е воопштено речено. Се разбира дека постојат исклучоци. Многумина од нас им обезбедиле на своите деца компјутери и образование во приватни училишта за да им обезбедат предност во понатамошниот живот. Но од сето она што го правиме за нашите деца, молитвата е најважна.

Зошто да се молиме за нашите деца? Затоа што сатаната „ги сака". Исус му рекол на Петра: „Еве сатаната сака да ве просее како пченица," а тоа е она што непријателот сака да го стори со нашите деца во овие последни денови.

Доказите дека нашите деца непријателот ги „просеал“, и дека им се потребни нашите молитви се повеќе од обилни. Разгледајте го следново.

Извадок од вести: „Едно семејство по грешка свртело во една улица во Лос Ангелес и западнало во вкрстено препукување во кое била убиена нивната ќерка. Членовите на бандата ги испукале куршумите врз автомобилот од чисто задоволство.“

„Тинејџерка се породила во мотелот Делевер, а потоа, како што се тврди, таа и нејзиното момче го претепале бебето до смрт, го ставиле во пластична кеса и го фрлиле во контејнер за ѓубре.“

„Една тинејџерка се породила во тоалет за време на гимназиската забава. Го фрлила бебето во ѓубре и се вратила на игранката.“

„Шеснаесетгодишно момче од Мисисипи, пукало со пиштол во својата мајка, потоа отишло во училиштето и пукало во девет ученика, двајца убило, вклучувајќи ја и својата поранешна девојка.“

„Момче отворило оган за време на молитвен состанок кој се одржувал во едно средно училиште во Кентаки, убивајќи три и ранувајќи пет свои школски другари.“

„Во Јонкерс, Њу Јорк, петнаесетгодишно девојче, од страв дека наставниците ќе ги повикаат нејзините родители за-ради нејзиното лошо учење, со чекан ја удрило бремената учителка.“

Треба ли да одиме толку далеку за да слушаме вакви вести?

Зар ги нема сѐ повеќе и на нашето поднебје?

„Дојава за бомби во средните училишта во Скопје.“

„Малолетници украле ‚голф‘ па направиле сообраќајка.“

„Дури 42,5 проценти од учениците сметаат дека има насилство во нивното училиште, а само една четвртина го пријавуваат. Како најчести причини за насилство меѓу врсниците во училиштата се докажување на сила, љубомора и проблеми во однесувањето, покажува истражувањето на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ спроведено во основните и средните училишта во Скопје.“

Меѓутоа, во таа борба за душите на нашите деца, ние мораме да се бориме! Текстот во книгата Плачот на Еремија 2,19 ни го дава воениот план: „Викај кон Господа со сиот глас...! Стани, викај ноќе при секоја смена на стражата. Излеј го своето срце како вода пред Господовото лице, подигај ги рацете кон Него и барај милост за

своите нејаки дечиња.“

На оваа точка на нашата дискусија, сакам да кажам нешто многу важно. Трудете се да бидете родители кои се молат, а не совршени родители. Да се биде совршен родител - тоа не весува разлика во животот на детето. Никој од нас не е совршен, па како тогаш можеме да бидеме совршени родители? Родителот што се моли е родител кој внесува разлика! А тоа може да биде секој од нас. Таа разлика ќе влијае на нив сега, но ги подготвува децата за вечноста. Затоа молете се за и со децата.

*Сабота, 4 март 2023*

## МОЛЕТЕ МОЛИТВИ ЗА БЛАГОСЛОВ НАД СВОИТЕ ДЕЦА

Многу е важно децата да ги примат Божјите благослови! Нашите деца се гладни за сознанието дека се посебни, дека никој друг нема клуч од нашето срце на потполно ист начин. И тие се гладни за сознанието дека Бог е нивен Татко и Пријател и дека врз нив почива Неговата насмевка, а не намуртеност. Како родители и новозаветни свештеници, имаме неверојатно предимство да придонесеме за благословот на своите деца.

Повикајте ги вашите деца да бидат со вас барем еднаш во годината – можеби кога имаат роденден или за Нова година. Ставете ги вашите раце над нивната глава, претставувајќи ги Божјите раце на грижа и заштита. Заблагодарете му на Бога за секое ваше дете поединечно, а потоа ставете го нивното име во следниот текст (повторете ги зборовите на благослов запишани во 4. Мојсеева книга 6, 24-26): „Господ нека те благослови и нека те чува! Господ нека погледне во тебе со Своето светло лице и нека те помилува! Господ нека го сврти Својот поглед на тебе и нека ти донесе мир!“

Родители, не пропуштајте една од вашите најголеми предности – а таа е благословување на вашите деца! Не мора тоа да го правите како што е погоре опишано, но најдете свој начин за да го пренесете Божјото одобрување и задоволство на своите синови и

ќерки, без разлика дали тие имаат четири, четиринаесет или четириесет години! И знаете што? Бог ветува дека своето име ќе го вреже во срцата на вашите деца и дека ќе ги благослови. Што уште можете да посакате за нив?

**Направете личен молитвен список за секое дете**

Заслугата за оваа идеја му припаѓа на Сторм Омертиен, писателот на книгата The power of a Prasing Parent. Секоја година определете време, можеби на почетокот на летниот одмор, да направите молитвена листа за секое ваше дете. Земете во рака молив и хартија, и молете го Бога да ви покаже за што да се молите за секое ваше дете во текот на следните дванаесет месеци. Повикајте се на Псалм 25,14. додека го правите тоа, верувајќи дека Тој ќе ви ги открие потребите на вашите деца кога за нив Го молите.

Оваа активност може да ви одземе и неколку денови. Во текот на годината слободно проширувајте го списокот, доколку е потребно.

*Сабота, 11 март 2023*

## МОЛЕТЕ СЕ, ДРЖЕЈКИ СЕ ЗА ВЕТУВАЊЕТО ОД ПИСМОТО

На списокот за молитви што го направивте, додадете ги даровита, и држете се за сродни стихови од Писмото (прочитајте некои од стиховите, колку што ви дозволува времето):

**Заштита** – Псалм 17,8; 91, 1.2.9. 10-12; Исаија 54,17.

**Љубов и прифаќање** – Исаија 41,9; Еремија 31,3; Послание до Римјаните 5,8.

**Почитување на родителите и други авторитети** – Мудри изреки 1,8.9; Послание до Ефесјаните 6,1-3 Послание до Колошаните 3,20.

**Побожни пријатели и примери** – Псалм 1,1; Мудри изреки 4,14; 12,26; 22,24.25.

**Глад за Божјата волја** – Псалм 86,11.12; 119,2; Мудри изреки 14,27; Матеј 5,6.

**Препознавање на од Бога дадените дарови и таленти** – Мудри изреки 22,29; Послание до Римјаните 11,29; 1. Петрово 4,10.

**Ослободување од страв** – Псалм 27,1; 34,4; Исаија 41,10; 2. Тимотеева 1,7; 1. Јованова 4,18.

**Здрав разум** – Послание до Римјаните 2,5; 4,8; 2. Тимотеева 1,7.

**Слобода од алкохол, дрога и други облици на зависност** – 5. Мојсеева 30,19; Јован 8,36; Послание до Римјаните 8,13.

**Сексуална чистота** – 1. Послание до Коринќаните 6,13.18; 10,13; 1. Послание до Солуњаните 4,3-5; Јаков 1,12; 1. Петрово 2,11.

**Вистински брачен другар** – Псалм 127,1; Мудри изреки 3,5.6; 18,22; Малахија 2,13-16; Послание до Евреите 13,4.

*Сабота, 18 март 2023*

## НАПРАВЕТЕ ЈА МОЛИТВАТА ВИСТИНСКА

Децата го прават она што го гледаат. Ако молитвата треба да биде вистинска за нив, прво мора да биде вистинска за нивните родители. Планирајте го времето да бидете насамо со Исуса. Нека ве „затечат“ децата на колена за време на личната молитва и посветување. На тој начин, тие ќе увидат дека молитвата е важна за ма-ма и тато.

Молете се после телевизиските вести. Тоа на молитвата ќе ѝ даде смисла на стварност. Молитвата станува значајна кога проблемите кои ги гледате во вистинскиот живот ќе ги направите предмет на вашиот разговор со Бога. Не загрижувајте се кога вашите деца не чувствуваат дека ја сакаат молитвата. Молете се за нив гласно во тој случај, и дајте им простор да развијат свој однос и заедница со Бога. Молитвата со присила, со напрчени усни и со солзи на образите, никому нема да му користи. Не оптерувајте ја молитвата таа да се изврши со негативен притисок.

**Направете ја молитвата едноставна и забавна**

Молете се со децата едноставно и кратко. Учете ги да бидат колку што е можно поконкретни, и кажете им дека е пригодно да се

молат секогаш и секаде. Негувајте креативен став кон молитвата, како „молитвен балон“. Напишете ги вашите молитви на мали ливчиња, ставете ги во ненадувани балони, а потоа надувајте ги. Кога ќе ги пуштите да летаат, балоните стануваат визуелни очигледни пораки кои даваат поука за издигнување на нашите молитви кон Бога.

Во нашиот дом ние уживаме да создаваме „ѕвездени молитви“. Секој од нас клечи во круг со свиткани раце така што ги допираме јагодиците едни на други со прстите. Кога ќе ја завршиме молитвата, ги спуштаме своите раце на тепихот, но и понатаму рацете ни се свиткани и ни се допираат, потоа секој помалку са наведнува назад, помрднувајќи ги своите раце така што правиме видлив знак во форма на „W“ . Резултатот е ѕвездолик примерок на тепихот – видлив знак на местото на кое сме ја одржале нашата семејна молитва.

Молитви или стихови од Библијата ставете во пакетот за ручек на вашите деца, така што кога ќе ги отворат, тие ќе знаат дека вие мислите на нив и се молите за нив.

Тоа се само неколку начини за да направите молитвата да биде интересна и значајна во животот на вашите деца. Експериментирајте. Бидете цврсти и креативни. Имајте на ум дека од сè што правиме за своите деца, молитвата е најважна. Тоа е можеби практика која доведе до номинација за вашата вера во Бога од страна на вашите деца – и од Исусова страна, кој постојано се моли за вас.

*Сабота, 25 март 2023*

## КАКО ДА СЕ ПОВРЗЕМЕ СО БОГА НАСПРОТИ НАШИОТ ПРЕЗАФАТЕН ДНЕВЕН РАСПОРЕД

Моите деца се обожаватели на прекрасниот анимиран зеленчук кој глуми во популарната видео серија Веггие Таблес. Третата епизода ја представува приказната Флибер-О-Лу, креативна адаптација на Исусовата приказна за милостивиот Самарјанин. Краставицата Лери се сретнува со силеџии кои му ги крадат парите за ужи-

на и го оставаат во дупката покрај патот. Наидува мајорот Флибер-О-Лу, сограѓанин на Лери. Кога нападнатата краставица бара помош (шпарглата со британски акцент) пее мала песничка:

Јас сум зафатен, зафатен, страшно зафатен,
Ти немаш поим што сè треба да направам.
Зафатен, зафатен, шокантно зафатен,
многу, премногу, зафатен за да ти помогнам тебе.
Ви звучи ли ова познато?

Нашиот живот е многу сличен на оваа едноставна песничка. Ние сме страшно, шокантно зафатени. Главните настани доаѓаат и заминуваат толку брзо, како кликнување со маус на компјутер. Дипломски, тренирање кошарка, забавување, службени патувања, одење на лекар, проблеми со автомобилот, носење и земање деца на училиште, подготвување ужина, вакцинирање на кучето, рокови за книга или списание, часови по клавир, неочекувани гости, неочекувани болести, промена на работата итн. Постојани се и нерационални барањата што ги поставува нашето време. Самотијата е фантазија.

И некаде во тој раштркан неред, кој всушност е нашиот живот, би требало да се најде место за светост. Време за заедница со Бога. Време за да поттикнеме и искусиме духовна обнова. Како? Како можеме - со своите мобилни телефони, веб страници, рачни сметачи и преполнети нотеси, пејџери и 500 ТВ канали – некогаш да имаме време и енергија да се поврземе со Бога на начин кој доведува до вистинска длабока заедница и духовен раст? Јас лично тоа сè уште го правам. Во тој секојдневен метеж одвојувам време да бидам насамо со Бога. Има пет моменти кои можат да ни помогнат да излеземе од трката за општествен престиж и да влеземе во Божјо присуство:

- Спијте доволно
- Научете да кажете не
- Бидете тивки
- Зграбете ги „Божјите моменти“
- Одржувајте богослуженија

Градиво за саботна школа
За подобра саботна школа
1/2023

За подобра саботна школа

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Уредил: Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба